**ОПШТИНА ЦЕНТАР**
Скопје

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 ) а во врска со член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл.весник на РМ бр.27/14,199/14, 27/16 и 35/18 и 198/18 и „Сл.весник на РСМ бр. 143/19 и 14/20), член 22 и член 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23),Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје бр. 09-62/1 од 03.01.2020 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје бр. 09-62/7 од 17.12.2020 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје бр.09-3637/3 од 01.07.2021 година, Правилникот за дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје бр. 09-1877/1 од 28.03.2022 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје бр.09-2910/1 од 20.05.2022 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје бр.09-1479 од 14.03.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје бр.09-2643/6 од 14.07.2023 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје бр.09-3809/4 од 06.09.2023 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје бр.09-5460/1 од 11.12.2023 година, ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС
за вработување на работник на неопределено време број 1/2024

ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје има потреба за вработување на 1 работник на неопределено време за следното работно место:

**1.Возач - шифра УПР 04 03 А02 001** - 1 (еден) извршител, во Одделение за општи работи во Сектор за правни и организациони работи.

Кандидатот треба да ги исполнува следните услови:

**Општи услови:**
-да е државјанин на Република Северна Македонија,



ул. Михаил Цоков бб , 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203602
електронска пошта:info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk

-активно да го користи македонскиот јазик,

-да е полнолетен,

-да има општа здравствена способност за работното место и

-со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови:**
-стручни квалификации: најмалку средно образование, со стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ/МКСОО, Средно гимназиско образование, Средно стручно образование - (Книговезец или машински смер)

-работно искуство од најмалку 1 година работно искуство во струката во јавен односно приватен сектор

Други посебни услови:

-познавање на странски јазик (ниво ЦЕФР)-А1

-возачка дозвола Б категорија

**Распоред на работно време**:
-работни денови: понеделник – петок
-работни часови неделно: 40
-работно време од 08:00 часот до 16:00 часот.

Износот на месечна нето плата за работното место Возач износува 25.939,00 денари.

Напомена: Согласно Балансерот од Годишниот план за вработување во ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје за 2024 година, вработувањето е предвидено за Други.

Кандидатите кон Пријавата треба да ги доставaт доказите за исполнување на условите, во оригинална форма или копија заверена на нотар и тоа:

– Кратка биографија (со етничка припадност)

– Диплома за завршено образование

– Уверение за Државјанство

– Доказ дека не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност

– Лекарско уверение како доказ дека има општа здравствена способност за работното место,

– Доказ за работното искуство, доказ за познавање на странски јазик и копија од возачка дозвола Б категорија.

Јавниот оглас трае 3 (три) работни дена од денот на објавувањето во дневен печат (не сметајќи го денот на самото објавување).

Изборот на кандидат по јавниот оглас ќе се изврши во рок определен со член 23 од Законот за работните односи.

Пријавата за вработување може да се преземе од веб страната на Општина ЦЕНТАР Скопје www.centar.gov.mk или во Писарницата на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје на адреса ул. Михаил Цоков бр.1 Скопје ( барака број 6).

Пријавата за вработување заедно со потребната документација треба да се достави до Писарницата на ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје на адреса ул. „Михаил Цоков" бр.1 Скопје ( барака број 6), со назнака: „за јавен оглас за вработување".

Уредните кандидати ќе бидат повикани на интервју.

Пријавите што нема да бидат поднесени во утврдениот рок ќе се сметаат како неблаговремени и истите нема да се разгледуваат.

За ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје, тел.контакт 02/3203 665.

ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје
ГРАДОНАЧАЛНИК
М-р Горан Герасимовски



ул. Михаил Цоков бб , 1000 Скопје
тел: +389 2 3203 600 / +389 2 3203602
електронска пошта:info@centar.gov.mk
www.centar.gov.mk